СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словеначко и македонско издање. Огласи по тарифата. — Текукја сметка кај Народната банка на ФНРЈ за претплата бр. 101-900880. — Текукја сметка на продавно - трговското одделение 101-670880

Среда, 3 мај 1950
БЕЛГРАД
БРОЈ 33 ГОД. VI

Цена на овој број е 9.— дин. — Претплатата за цела 1950 година изнесува 350.— динари. Редакција: Бранкова улица бр. 18—20. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 27-595, Продавно одделение 22-619, Сметководство 26-276, Експедиција 21-251.

268.

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНАТА СКУПШТИНА НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Врз основа на чл. 77 став 2 од Уставот на ФНРЈ Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија на заедничката седница на сојузното векје и Векјето на народите, одржана на 26 април 1950 година, ги назначила во Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија следните народни пратеници:

Претседател др Иван Рибар,

Потпретседатели: Моша Пијаде, Филип Лакуш, Јосип Рус, Гјуро Пуцар, Димитар Влахов и Марко Вујачич,

Секретар Миле Перуничич,

Членови: др Владимир Бакарич, Душан Бркич, Јосип Броз-Тито, Родољуб Чолаковић, Милован Гјилас, Фране Фрол, Иван Гошњак, Авдо Хумо, Блажо Јовановиќ, Едвард Кардељ, Борис Кидрич, Руди Колак, Лазар Колишевски, Сава Косановиќ, др Благоје Нешковиќ, Џавид Нимани, Душан Петровиќ-Шане, Нинко Петровиќ, Александар Ранковиќ, Иван Регент, др Златан Сремец, Петар Стамболиќ, др Синиша Станковиќ, Влада Шегрт, Добросав Томашевиќ, Алекса Томиќ, Цветко Узуновски, Јован Веселинов, Јосип Видмар и Влада Зечевиќ.

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

Бр. 352
26 април 1950 година
Белград

Претседател на Сојузното векје
Владимир Симиќ, с. р.

Претседател на Векјето на народите
Јосип Видмар, с. р.

269.

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ ОДЛУКАТА НА НАРОДНАТА СКУПШТИНА НА ФНРЈ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ОРДЕНОТ ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА ФНРЈ, МИНИСТЕРОТ НА НАРОДНАТА ОДБРАНА, МАРШАЛОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА ЈОСИП БРОЗ-ТИТО

Врз основа на членот 74 точ. 6 на Уставот на ФНРЈ, а во врска со членот 13 од Пословникот за работење на Народната скупштина на ФНРЈ од заедничката седница на Сојузното векје и Векјето на народите од 27 април 1950 година, Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ ја

прогласува и објавува

Одлуката за доделување орденот Јунак на социјалистичкиот труд на Претседателот на Владата на ФНРЈ, Министерот на народната одбрана, Маршалот на Југославија, Јосип Броз-Тито што ја донесе Народната скупштина на ФНРЈ на втората заедничка седница на Сојузното векје и Векјето на народите, одржана на 27 април 1950 година, а која што гласи:

За неуморно работење и извонредни заслуги со раководењето на борбата на нашите народи во изградбата на социјализмот и во јакнењето на независноста на угледот и силата на Федеративна Народна Република Југославија, му се доделува

ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

на Јосип Броз-Тито, Претседател на Владата на ФНРЈ, Министер на народната одбрана, Маршал на Југославија.

У. бр. 910
29 април 1950 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар,
Миле Перуничич, с. р.

Претседател,
др Иван Рибар, с. р.

270.

Врз основа на чл. 12 од Уредбата за општедржавниот амортизационен фонд на рударското и индустриското производство и амортизационен фонд на државните рударски и индустриски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/47), и соодветните прописи во уредбата за другите стопански гранки, како и на член 14 од Уредбата за пренесување државните стопански претпријатија од надлежност на еден во надлежност на друг државен орган („Службен лист на ФНРЈ", бр. 110/47), и чл. 3 од Уредбата за финансирањето и финансиската контрола на инвестициите од сојузно, републичко и локално значење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/48), а во согласност со Претседателот на Стопанскиот совет на Владата на ФНРЈ прописувам

НАПАТСТВИЕ

ЗА ИЗМЕНУВАЊА И ДОПОЛНУВАЊА НА НАПАТСТВИЕТО ЗА УПЛАТА И УПОТРЕБАТА НА СОПСТВЕНИТЕ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

1. Во Напатствието за уплатата и употребата на сопствените парични средства за финансирањето на инвестициите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/49) се вршат следни изменувања и дополнувања:

1) Во точ. III на напатствието се додава на крајот нов став, кој што гласи:

„Под делот на добивката за финансирањето на инвестициите се подразбира целокупната добивка која што ке преостане по планската расподелба на добивката на претпријатието".

2) Во точ. VII после ставот 1 се додаваат нови ставови кои што гласат:

„Со уплатените износи на собирните сметки на сопствените средства за финансирањето на инвестициите („дел на добивката за финансирањето на инвестициите", „општодржавниот амортизационен фонд" и „разни средства на административно-оперативното

раководство за финансирањето на инвестициите") располагаат административно-оперативните раководители во границите на одобрените собирни финансиски планови.

Одвишоците на планираните и уплатените средства на поедини собирни сметки на сопствените средства за финансирање на инвестициите на едно административно-оперативно раководство се пренесуваат на соодветните сметки на други административно-оперативните раководства во рамките на истиот ресор, на околискиот односно градскиот народен одбор, а по налозите на ресорот, на околискиот или градскиот народен одбор — поверенствата за финансии.

Пренесувањата се вршат врз основа и во границите на планираниот распоред на средствата за финансирањето на инвестициите по собирните финансиски планови на соодветниот орган. Овие пренесувања можат да ги вршат и самите кредитни претпријатија врз основа на планскиот распоред на средствата за финансирањето на инвестициите што во таа цел им ги испраќа надлежниот финансиски орган.

Овие пренесувања надлежните ресори, односно околиските или градските народни одбори можат да ги вршат и пред потполната со планот предвидената уплата на сопствените средства за финансирањето на инвестициите на едно административно-оперативно раководство, доколку за тоа се укаже потреба. Пример: Со планот предвидените средства за финансирањето на инвестициите на едно административно-оперативно раководство изнесуваат 120.000.000 динари, и истите се расподелени за неговите сопствени инвестициони во износ од 100,000.000 динари. Разликата од 20.000.000 динари ресорот може, по потреба, да ја пренесе во корист на друго административно-оперативно раководство дури крај првите уплати, т. е. без да чека потполно акумулирање на собирните сметки.

Пренесувањето на планските одвишоци на сопствените средства за финансирањето на инвестициите помеѓу ресорите од исто значење го врши надлежниот финансиски орган врз основа на собирните финансиски планови, а планските одвишоци на сопствените средства за финансирањето на инвестициите помеѓу околиските односно градските народни одбори ги вршат министерствата на финансиите на народните републики.

Пренесувањето на планските одвишоци на сопствените средства за финансирањето на инвестициите од едно административно-оперативно раководство на друго административно-оперативно раководство во рамките на истиот ресор на околискиот односно градскиот народен одбор, ке се книжи кај надлежното кредитно претпријатие, преку одделна сметка „Сметка на одвишоци на сопствените инвестициони средства", на односниот ресор на околискиот, или градскиот народен одбор.

Пренесувањето на овие одвишоци на сопствените средства од ресор на ресор, односно од еден околиски или градски народен одбор на друг се книжи преку сметката на надлежното министерство на финансиите на народната република, односно на Министерството на финансиите на ФНРЈ за ресорите од сојузно значење."

3) Во точката VII на напатствието, зад ставот 2 се додава нов став, кој што гласи:

„Исто така, надлежните финансиски органи (министерства на финансиите и поверенствата за финансии на народните одбори) должни се во срок од 10 дена по одобрението на тромесечните финансиски планови да го испратат до надлежното кредитно претпријатие кај кое што ке се водат нивните собирни сметки, планираниот распоред на одвишоците на сопствените инвестициони средства помеѓу ресорите од исто значење односно народните одбори."

4) Во истата точ. VII на напатствието ставот 3 се менува и гласи:

„Ако на крајот на годината на собирните сметки „општодржавниот амортизационен фонд", „делот на добивката за финансирањето на инвестициите" и „сметката на одвишоците на сопствените инвестициони средства" останат неискористени износи, истите ке му се одобрат на односниот буџет во корист на партијата која што за ова е предвидена од страна на Министерството на финансиите на ФНРЈ".

Во точ. XI на напатствието ставот 6 се брише.

II. Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", а ке се применува од 1 јануари 1950 година.

Бр. 11533
27 април 1950 година
Белград

Го застапува
Министерот на финансиите на ФНРЈ
Министерот на надворешната трговија
на ФНРЈ
Милентије Попович, с. р

Согласен,
Претседател на Стопанскиот совет на Владата
на ФНРЈ,
Борис Кидрич, с. р.

271.

Врз основа на чл. 6 од Уредбата за слободното продавање и за цените на стоката од широкото трошење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/50), Напатствието на Владата на ФНРЈ за продавањето и одредувањето на цените на производите од занаетските задруги и претпријатијата на општествените организации и Напатствието на Владата на ФНРЈ за продавањето и одредувањето на цените на производите од приватните занаетски дукјани и претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/49), а во врска со Уредбата за елементите на цената на чинењето, акумулацијата, фондот на раководството и централниот фонд на државните индустриски производителни претпријатија од локално значење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 106/48) издавам

НАПАТСТВИЕ

ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО И НАЧИНОТ НА УПЛАТУВАЊЕТО НА ПАЗАРИШНАТА ДОБИВКА КАКО И РАЗЛИКИТЕ ВО ЦЕНИТЕ НА СУРОВИНИТЕ И МАТЕРИЈАЛИТЕ НАМЕНЕТИ НА ЛОКАЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО ЗА СЛОБОДНО ПРОДАВАЊЕ

I. Пресметувањето и начинот на уплатување на пазаришната добивка

1) Пазаришна добивка остварува производителните претпријатија што се занимаваат со производство и продавање на стока наменета на широкото (индивидуалното) трошење, која што на потрошачите не им се подава во системот на обезбеденото снабдување и трговијата по врзаните цени, туку слободно по цените што му одговараат на пазаришето што ги одредуваат органите овластени за одредување цени на стоката за слободното продавање.

Исклучително, наместо производителните претпријатија, пазаришната добивка ја остварува претпријатијата на трговинската мрежа (државните трговински претпријатија, задруги и трговинските претпријатија на општествените организации) при продавањето на стоката од претходниот став, и тоа во следните случаи:

а) кога таква стока набавиле од занаетските производителни задруги, производителните претпријатија на општествените организации и приватните занаетски дукјани по нивните продавни цени на производителите, т. е. по цените што не содржат пазаришна добивка;

б) кога за изработка на таква стока непосредно им дале на производителните претпријатија потребни суровини и материјал.

2) Износот на пазаришната добивка содржан е во структурата на продавната цена по која што стоката наведена во претходната точка се продава во слободно продавање.

Пазаришната добивка што ја остварува производителните претпријатија се смета:

а) кај државните индустриски производителни претпријатија од сојузно, републичко и покрајинско значење и кај претпријатијата на Автономната Косовско-метохиската Област — разликата помеѓу постигнатата продавна цена во слободното продавање и одредената пописка единствена цена, по одбитокот на евентуално содржаниот рабат;

б) кај државните индустриски производителни претпријатија од локално значење на кои што се применуваат прописите на Уредбата за елементите на цената на чинењето, акумулацијата, фондот на раководството и централниот фонд на државните индустриски производителни претпријатија од локално значење, како и кај другите претпријатија што ги применуваат прописите на наведената уредба — разликата помеѓу постигнатата продавна цена во слободно продавање (продавната цена на производителот) и собирот на планската цена на производството и планираната разлика во цената на материјалот.

в) кај другите државни производителни претпријатија од локално значење, на кои што не се применуваат прописите од Уредбата наведени во претходниот став, — разликата помеѓу цените на производите во слободно продавање и собирот на планската цена на тие производи, што ја сочинуваат: трошковите за материјалот, платите на изработка, режијата, амортизацијата, одреденот износ на планската добивка и данокот на промет на производи;

г) кај занаетските производителни задруги, производителните претпријатија на општествените организации и приватните занаетски дукјани, на кои што им е одобрено да можат своите производи да ги продаваат по продавните цени во слободно продавање, — разликата помеѓу одредената продавна цена во слободното продавање и продавната цена на производителот утврдена во смисла на Напатствието за продавањето и одредувањето цените на производите на занаетските задруги и претпријатијата на општествените организации, односно во смисла на Напатствието за продавањето и одредувањето на цените на производите на приватните занаетски дукјани и претпријатија.

Кога во предните случаи во постигнатата продавна цена во слободно продавање се содржани и трошковите на трговијата (прописаната маржа и зависните трошкови) тогаш поради пресметување на износите на пазаришната добивка, од постигнатата продавна цена во слободно продавање се одбиваат и трошковите на трговијата.

3) Пазаришна добивка што ја остварува претпријатијата од трговинската мрежа се смета:

а) во случајот наведен во точ. 1) ст. 2 под а) на ова напатствие — разликата помеѓу постигната продавна цена во слободното продавање и набавната цена во тие производи во која што се засметува покрај фактурната набавна цена (цената по која што таа стока е набавена од наведените производителни претпријатија и задруги) уште и трошковите на трговијата; и

б) во случајот што е наведен во точ. 1) ст. 2 под б) на ова напатствие — разликата помеѓу продавната цена во слободното продавање и собирот на платената цена на производителното претпријатие за услугата на изработката, вредноста на утрошените суровини и материјал по набавните цени, данокот на промет на производи и трошковите на трговијата.

4) Пазаришната добивка не се остварува кај производите кои што се произведени од суровини и материјал што се добивени од порачачот кој што е непосреден потрошач на тие производи (т. е. кој што тие производи лично ги троши).

5) Пазаришната добивка се уплатува кај филијалата на Народната банка на ФНРЈ аналогно на прописите за уплата на поодделни видови буџетски приходи кај Народната банка на ФНРЈ, со тоа претпријатијата на трговинската мрежа што остварува пазаришна добивка во случајот што е наведен во точ. 1) ст. 2 на ова напатствие да ја уплатуваат пазаришната добивка во корист на овие сметки на пазаришната добивка во корист на која што ја уплатуваат и производителните претпријатија од исто значење.

Кога на претпријатијата и на задругите наведени во точ. 2) и 3) на ова напатствие кои што остварува пазаришна добивка им припаѓа извесен дел на остварената пазаришна добивка, тогаш тие претпријатија и задруги го одбиваат делот што им припаѓа од вкупно пресметаниот износ на пазаришната добивка, а остатокот го уплатуваат на одредена сметка на пазаришната добивка на начинот што е пропишан со ова напатствие.

6) Пазаришната добивка ја уплатуваат и тоа:

а) државните производителни претпријатија, наведени во точ. 2 ст. 2 под а)—в) од ова напатствие ја уплатуваат пазаришната добивка која што ја остварува со продавањето производи од сопственото производство наменети на слободното продавање, без оглед да ли е продавањето извршено на трговинската мрежа или непосредно на потрошачите во сопствена продавница. Кога ги наплатуваат фактурите за производите продадени во слободно продавање преку Народната банка на ФНРЈ или друга банка, должни се пазаришната добивка да ја пресметаат при издавањето на фактурата и да ја уплатуваат едновремено со наплатата на фактурата преку Народната банка на ФНРЈ односно преку банката кај која што имаат текукја сметка. Во тој случај, овие претпријатија се должни едновремено со поднесувањето на фактурата за наплата да и поднесат на банката и вирмански налог за уплата на пазаришната добивка. Ако на истиот ден се поднесуваат на наплата повеќе фактури тогаш се издава само еден вирмански налог и тоа на вкупниот износ на пазаришната добивка по сите фактури. Во таков случај, на вирманскиот налог се назначуваат броевите на сите поднесени фактури, а на секоја поднесена фактура — износот на пресметаната пазаришна добивка. Ако по некоја фактура нема пазаришна добивка, претпријатието е должно тоа да го назначи на дотичната фактура, со клаузула: „Без пазаришна добивка".

Ако во случајот од предниот став претпријатието кое што ја подало фактурата за наплата, не дало и вирмански налог за уплата на пазаришната добивка, односно ако не стави клаузула „Без пазаришна добивка", банката која што ја примила фактурата за наплата ке го извести претпријатието (подносителот на фактурата) дека не може да ја изврши наплатата на фактурата додека не поднесе вирмански налог за уплата на пазаришната добивка, односно додека не ке ја допише клаузулата „Без пазаришна добивка".

Ако фактурите за продадените производи во слободно продавање не можат да се наплатат преку банката поради тоа што купувачот нема текукја сметка кај банката, или поради тоа што производите им се продаваат непосредно на потрошачите — тогаш претпријатијата ја пресметуваат и ја уплатуваат пазаришната добивка во срок од пет дена по истекот на секоја декада, Уплатата на овој дел на пазаришната добивка се врши со вирмански налог;

б) занаетските производителни задруги, производителните претпријатија на општествените организации и приватните занаетски дукјани, наведени во точ. 2) ст. 2 под г) на ова напатствие на кои што им е одобрено да можат своите производи да ги продаваат по продавните цени во слободното продавање, ја уплатуваат пазаришната добивка што ке ја остварат во овој случај. Овие претпријатија и задруги ја уплатуваат пазаришната добивка на начинот што е наведен во претходните ставови на оваа точка, т. е како и државните производителни претпријатија, со тоа оние приватни занаетски дукјани што немаат текукја сметка кај банката, да ја уплатуваат пазаришната добивка во готово, и тоа во срок од пет дена по истекот на секоја декада;

в) претпријатијата на трговинската мрежа кои, во случајот што е наведен во точ. 1) ст. 2 на оваа наредба ја остваруваат пазаришната добивка, ја уплатуваат така остварената пазаришна добивка на начинот што е наведен под а) на оваа точка т. е. како и државните производителни претпријатија.

7) Претпријатијата на трговинската мрежа кои за поодделни производи од точ. 1 ст. 1 на ова напатствие што ги набавиле по цените во слободно продавање, ке одредат продавна цена по слободно продавање над или под набавната цена (т. е. фактурната цена по која што таа стока е набавена од производителот, зголемена со трошковите на трговијата), — должни се да водат евиденција за разликите во цената што настанале поради такво одредување на цената. За состојбата на салдото на разликите во цената по истекот на секој месец (позитивна или негативна) претпријатијата ке го известуваат поверенството за финансии и поверенството за трговијата и снабдување на околискиот народен одбор, и тоа најдоцна во срок од 15 дена по истекот на секој месец.

Ако спрема одобрените годишни завршни сметки на претпријатијата на трговинската мрежа е утврдено дека во текот на годината, како резултат на пресметката разликите на цените за целата година сите претпријатија остариле позитивен салдо (т. е. ако собирот на разликите по наголемените цени им е поголем од собирот на разликите по намалените цени), — тогаш расподелбата на овој позитивен салдо ке се изврши по одделни прописи.

Ако, пак, спрема одобрените годишни завршни сметки е утврдено дека кај претпријатијата на трговинската мрежа на крајот на годината, како резултат на пресметката на разликите на цената за целата година, покажува негативен салдо (т. е. ако собирот на разликите по намалените цени е поголем од собирот на разликите по наголемените цени), — тогаш тој негативен салдо паѓа на терет на органот на кој што му припаѓа дотичното претпријатие, т. е. негативниот салдо на државното трговинско претпријатие од околиско (градско) значење — на терет на околискиот (градскиот) народен одбор, негативниот салдо на задругата, односно на претпријатието на околискиот задружен сојуз — на терет на самата задруга односно на терет на околискиот задружен сојуз, а негативниот салдо на трговинското претпријатие на општествената организација — на терет на односната општествена организација.

Прописите на претходните ставови на оваа точка не се однесуваат на разликите што ке станат поради продавањето на стоката над набавните цени во случајот што е наведен во ст. 2 точ. 1) на ова напатствие како и во случајот на продавање стока во продавниците на производителните претпријатија. Позитивните разлики во цената, кои што во овој случај ке ги остварат наведените трговински претпријатија, односно продавниците се сметаат пазаришна добивка.

8) Претпријатијата и задругите од точ. 2) и 3) на ова напатствие ке постапат во поглед на поднесувањето на извештаите за уплатените износи на пазаришната добивка спрема наредбата за поднесување извештаи од страна на претпријатијата за уплатените износи на државната акумулација и нејзиното книжење во поверенството за финансии („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/49 и бр. 63/49).

Исклучително од прописите на претходниот став, приватните занаетски дукјани кои што по постоечките прописи не се должни да водат работни книги односно евиденција за продавањето на своите производи, должни се во срок од десет дена по истекот на секој месец да му поднесат на надлежното поверенство за финансии на околискиот народен одбор извештај за остварената пазаришна добивка со продавањето на своите производи во слободно продавање. Овој извештај треба да содржи следни податоци: а) вид на производите; б) количина на произведените производи; в) износ на одредената пазаришна добивка и тоа по единица на производот и вкупно за целата продадена количина; и г) податоци за уплатата кај Народната банка на ФНРЈ (дата на уплатата и износ). Поверенствата за финансии ке водат одделна евиденција за сите работи и ке ја проверуваат точноста на поднесените извештаи. Доколку врз основа на присобраните податоци се установи дека приватен занаетски дукјан помалку пријавил и уплатил, разликата накнадно ке се уплати.

9) Кога занаетско набавно-продавните задруги им продаваат занаетски производи на приватните занаетчии (членови на задругата), овие задруги ке постапат при пресметката и уплатата на пазаришната добивка онака како што постапуваат занаетските производителни задруги при продавањето на своите производителни производи.

10) Кога во случајот што е наведен во точ. 1) ст. 2 под а) на ова напатствие занаетските производителни задруги, производителните претпријатија на општествените организации и приватните занаетски дукјани продаваат свои производи во слободно продавање на претпријатија на трговинската мрежа по цените што не содржат пазаришна добивка тие трговински претпријатија и задруги (купувачи) должни се да водат одделна евиденција за набавката и продавањето на тие производи како и за остварената пазаришна добивка на тие производи.

Спрема одредбите на претходниот став ке се постапи во случајот што е наведен во точ. 1) став 2 под б) на оваа наредба.

II. Пресметување и начин на уплатување разликите во цените на суровините, и материјалите наменети на локалното производство за слободно продавање

11) Суровините и материјалот кој што спрема општодржавниот план на расподелбата им се доделуваат на државните индустриски производителни претпријатија, од сојузно, републичко и покрајинско значење, како и на претпријатијата на Автономната Косовско-метохиската област, поради производство на стока од широко (индивидуално) трошење која што на потрошачите не им се продава во системот на обезбеденото снабдување и трговијата по врзаните цени, туку слободно, по цените што одговараат на пазаришето, — се фактурираат по пониските единствени цени.

12) Суровините и материјалот, кој што се прима со општодржавниот план на расподелбата им се доделуваат на државните и занаетските производителни претпријатија од локално значење, како и на занаетските производителски задруги, на производителските претпријатија на општествените организации и приватните занаетски дукјани заради производствената стока од широко трошење во слободно продавање, се фактурираат по повисоките единствени (комерцијални) цени.

Државните и другите стопански претпријатија кога испорачуваат суровини и материјал, заради произведување на стока од широко трошење во слободно продавање, непосредно на производителските претпријатија од претходниот став или на околиските (градските) дистрибутивни органи (на државните, задружните или на општествените организации), односно на трговските претпријатија на околиските (градските) народни одбори, за снабдевање на локалното стопанство со суровини и материјал, се должни испорачаните суровини и материјал да ги фактурираат по повисоките единствени (комерцијални) цени, со тоа да ја уплатуваат разликата помеѓу повисоките и пониските цени на испорачаните суровини и материјал на сметката на разликата во цените на суровините и материјалот. Оваа сметка се води кај филијалата на Народната банка на ФНРЈ поодделно за секој околиски односно градски народен одбор. Бројот на сметката на кој што треба да се уплатува разликата во цените на суровините и материјалот ке се соопшти на претпријатијата и дистрибутивните органи кои што набавуваат суровини и материјал на филијалата на Народната банка на ФНРЈ, со тоа дека овие претпријатија ке го соопштат бројот на сметката

на претпријатијата кои што им вршат испорачување на суровини и материјал.

Кога суровините и материјалот кои што се наменети за локалното производство не се испорачуваат непосредно на претпријатијата и на дистрибутивните органи од претходниот став на оваа точка, туку на други дистрибутивни органи или трговски претпријатија за снабдување на локалното стопанство со суровини и материјал (на пример: на републичките, покрајинските или на областите), — испорачката ке се изврши исто така по повисоки единствени (комерцијални) цени, со тоа што разликата помегју повисоките и пониските цени на испорачените суровини и материјал ке се уплатува на посебна сметка разлика во цените на суровините и материјалот на дотичниот дистрибутивен орган, односно трговското претпријатие за снабдување на локалното стопанство со суровини и материјал. Оваа сметка се води кај филијалата на Народната банка на ФНРЈ посебно за секое такво претпријатие односно дистрибутивен орган. Бројот и називот на својата посебна сметка на која што во овој случај испраќачите на суровини и материјал треба да уплатуваат разлика во цените на суровината и материјалот ке соопштат на испраќачите на суровини и материјал на наведените претпријатија и дистрибутивни органи кои што набавуваат суровини и материјал. Овие дистрибутивни органи и трговските претпријатија кои што набавените суровини и материјал по повисоките цени ги испорачуваат непосредно на претпријатијата и дистрибутивните органи од предходниот став на оваа точка, се должни да ги фактурираат тие суровини и материјал исто така со повисоките цени и разликата помегју повисоките и пониските цени ја уплатат на сметката на разликата во цените на суровините и материјалот на надлежниот околиски (градски) народен одбор, и тоа на терет на својата посебна сметка разликата во цените на суровината и материјалот.

13) Разлика во цените на суровините и материјалот испорачани непосредно на претпријатијата и дистрибутивните органи од точ. 11) ст. 2 на оваа наредба, се уплатува на сметката на разликата во цените на суровините и материјалот на оној околиски народен одбор на чието подрачје се навогја претпријатието односно дистрибутивниот орган кој што набавува (купува) суровини и материјал. Меѓутоа, ако државно стопанско претпријатие од локално значење кое што набавува суровини и материјал припагја на еден околиски народен одбор, а неговото седиште се навогја на подрачјето на друг околиски народен одбор, уплатувањето ке се изврши на сметката на разликата во цените на суровините и материјалот на оној околиски народен одбор при кој што припагја претпријатието кое што набавува суровини и материјал. Ако претпријатието на месниот народен одбор набавува суровини и материјал, оваа разлика ке се уплатува на сметката на разликата во цените на суровините и материјалот на оној околиски народен одбор на чието подрачје се навогја дотичниот местен народен одбор.

Разлики во цените на суровините и материјалот испорачани непосредно на претпријатијата и дстрибутивните органи од точ. 12) ст. 3 на оваа наредба, се уплатуваат на посебна сметка на разликите во цените на суровините и материјалот на дотичниот дистрибутивен орган, односно на трговското претпријатие кое што набавува суровини и материјал заради натамошна расподелба (продавање) на претпријатија и дистрибутивни органи од точ. 12) ст. 2 на оваа наредба.

14) Претпријатијата кои што испорачуваат суровини и материјал по повисоки единствени (комерцијални) цени се должни да во своите фактури, покрај фактурната вредност на испорачката по повисоките цени, ја назначат и нејзината вредност по пониските единствени цени и износот на разликата кој што треба да е одобри во полза на сметката на разликата во цените на суровините и материјалот. Исто така, сите претпријатија се должни едновремено со поднесувањето на фактурите на наплатување да го поднесат и вирманскиот налог за уплатување на разликата во цените на суровините и материјалот. Вирманскиот налог се поднесува по општиот образец на Народната банка на ФНРЈ бр. 174, а на него во случај испорачка на суровини и материјал по точ. 12) ст. 1 се назначува бројот на фактурата и бројот на сметката на разликата во цените на суровините и материјалот на оној околиски народен одбор во чијата полза се врши уплатата на разликата: а во случај испорачка по точ. 13) ст. 2, се назначува бројот на сметката за разликата во цените на суровините и материјалот на дотичниот дистрибутивен орган, односно трговското претпријатие на кое што суровините и материјалот се испорачуваат.

15. Претпријатија од точ. 12) на ова напатствие на кои што им се суровините и материјалот наменети за локалното стопанство за слободно продавање, противно со прописите на ова напатствие фактурисани по пониските единствени цени, се должни веднаш после примањето на фактурите да пресметаат и ја платат разликата помегју повисоките и пониските цени, по прописите на точ. 12) и 13) на ова напатствие.

16. Суровините и материјалот од слободните локални извори (чието производство и расподелба не се опфанати со општедржавниот план на расподелба), кои што заради производство на стока од широко (индивидуално) трошење во слободно продавање, набавуваат државните индустриски и занаетчиските производителски претпријатија од локално значење, занаетските производителни задруги и производителните претпријатија на општествените организации, се засметуваат во структурата на планските продавни цени на производителот по повисоките единствени (комерцијални) цени, односно ако не се одредени овие цени, по цените одредени од страна на надлежните органи по кои што ги купуваат (откупуваат) овие суровини и материјал државните претпријатија, без оглед на нимната стварна набавна цена.

Ако е во случај од предходниот став стварната набавна цена на суровините и материјалот помала од одредената повисока единствена (комерцијална) цена, односно воколку не се одредени овие цени, од цените одредени од надлежните органи по кои што се купуваат (откупуваат) тие суровини и материјал, позитивната разлика во цените му припагја на оној околиски народен одбор кај кој што припагја односно на чието подрачје се навогја дотичното производително претпријатие кое што ги набавило тие суровини и материјал. Околискиот народен одбор ке им одобри на овие производителни претпријатија учество во остварената позитивна разлика на цените воколку предметните суровини и материјал се набавени од слободни локални извори со заслуга на тие производителски претпријатија.

Кога суровините и материјалот од ст. 1 на оваа точка ги набавуваат приватните занаетски дукјани, при одредување на продавните цени на производителот му се признава за утрошените суровини и материјал стварна набавна цена, но најповеќе до износот на повисоката единствена (комерцијална) цена; која што е за тие суровини и материјал одредена, а ако не е одредена оваа цена, најповеќе до износот на цените одредени од надлежните органи по кои што ги купуваат по постоекјите прописи (откупуваат) овие суровини и материјал државните претпријатија.

III. Постапка кај државните банки во врска со пресметувањето и наплатувањето на пазаришната добивка односно разлика во цените на суровините и материјалот

17. Филијалата на Народната банка на ФНРЈ, кога ке ги прими фактурите за наплатување и вирманските налози за уплата на пазаришната добивка, односно за уплата разликата во цените на суровините и материјалот, е должна да провери пред книжењето да ли се слагаат износите на пазаришната добивка, односно разлика во цените на суровините и материјалот назна-

чени на вирманскиот налог со соодветните износи назначени во фактурите. Во случај на неслагање на вирманските налози со фактурите, налогот ке се врати на претпријатието заради исправка.

18. Филијалите на Народната банка на ФНРЈ се должни да ги доставуваат дневните изводи на сметките од пазаришната добивка од локалните производителни претпријатија и сметки за разликите во цените на суровините и материјалот со прилози на поверенството за финансии на оној околиски народен одбор на чијата сметка е извршена уплатата. Примените извештаи за уплатата поверенството за финансии ги евидентира по прописите кои што важат за данок на промет на производите кои што ги уплатуваат обвезниците од чл. 10) од Уредбата за данокот на промет на производите.

Исто така, филијалите на Народната банка на ФНРЈ доставуваат дневни изводи на посебна сметка за разликата во цените на суровините и материјалот кој што се води по одредбите на точ. 12) ст. 3 на ова напатствие на дотичниот дистрибутивен орган, односно на трговското претпријатие на чијата сметка е извршена уплата од разликата. Покрај тоа, за салдото на овие сметки филијалите ке доставуваат извештај (за состојбата на секој 10-ти, 20-ти и последниот ден во месецот) на оној финансиски орган кон кој што дотичниот дистрибутивен орган односно трговско претпријатие по своето значење одговара, т. е. на републичките дистрибутивни органи и трговски претпријатија — на надлежното министерство на финансии на народната република, за покрајинските и обласни — на поверенството за финансии на Автономната покраина односно на обласниот народен одбор.

19) Околиските (градски) народни одбори не можат да вршат никакви диспозиции по сметките од пазаришната добивка од локалните претпријатија нити по сметките за разликите во цените на суровините и материјалот испорачан на локалното стопанство, освен во случаевите враќање на погрешно уплатени и исправка на погрешно книжени износи.

Дистрибутивните органи и трговинските претпријатија од точ. 12) ст. 3 на ова напатствие не можат да вршат никаква диспозиција по сметките за разликите во цените на суровините и материјалот кои што се водат на нимно име, исклучително за пренесување од оваа сметка на сметката за разлика во цените на суровините и материјалот на околискиот односно градски народен одбор во случај на испорачување суровини и материјал на претпријатијата и органите од точ. 12) ст. 2 на ова напатствие.

20. Враќање на погрешно уплатените износи од пазаришната добивка и разликите во цените на суровините и материјалот испорачени на локалното стопанство се врши спрема прописите кои што важат за враќање и прокнижување погрешно наплатените државни приходи.

21. Другите државни банки кои што ги водат текукјите сметки на претпријатија кои што се по прописите на ова напатствие должни да плаќаат пазаришна добивка, ке постапат при наплатување на фактурите и уплатите на пазаришната добивка односно разлика во цените на суровините и материјалот испорачани на локалното стопанство за слободно продавање онака како што постапуваат филијалите на Народната банка на ФНРЈ.

IV

Завршни одредби

22. Со ова напатствие се заменува Наредбата за пресметување и начинот на уплатување пазаришната добивка од локалното стопанство и разликите во цените на суровините и материјалот наменет на локалното стопанство за слободно продавање, број 20800 („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/49).

23. Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", а ке се применува од 1 мај 1950 година.

Бр. 11100
22 април 1950 година
Белград

Го заступува
Министерот на финансиите на ФНРЈ
Министер на надворешната трговија
на ФНРЈ,
инж. **Милентије Попович**, с. р.

272.

Врз основа на членот 137 став 2 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии, а во согласност со Претседателот на Комитетот за заштита на народното здравје на Владата на ФНРЈ, прописувам

НАПАТСТВИЕ
ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

За да се овозможи правилно спроведување на социјалното осигурување како и вршење на надзор од страна на органите на социјалното осигурување над спроведувањето на социјалното осигурување и остварувањето правата на осигураниците, државните, задружните и општествените претпријатија и установи должни се да водат одделна евиденција за корисниците на социјалното осигурување и да поднесуваат прописани извештаи до органите на социјалното осигурување и здравствената служба.

I.

1. — На осигуреникот или на членот од неговата фамилија, кога треба да користи здравствена заштита, претпријатието односно установата должно е бесплатно да му издаде „Болесничка листа", спрема приложениот образец бр. Е-1.

„Болесничката листа" важи за прва ординација кај лекарот, ако не поминало повеќе од три дена од денот на нејзиното издавање. Во оправдани случаи (поради оддалеченост на работните места на осигурениците итд.), претпријатието односно установата, може болесничката листа да ја издаде со важност до 8 дена, што треба да се означи на болесничката листа За членовите на фамилијата кои што живеат одвоено и оддалечено од осигуреникот (поради запослување на осигуреникот далеку од местото на боравокот, поради преместување и слично), болесничката листа може да се издаде со важност до 30 дена.

По завршеното лекување осигуреникот ја враќа „Болесничката листа" на претпријатието односно установата кај што е запослен. Тоа не важи за членовите од фамилијата на осигуреникот.

Осигурениците неспособни за работа, како и осигурениците-жени кај кои што лекарот установил степен на трудноста кои што дава право на одсуство поради трудноста и порогјај, должни се болесничката листа на која што лекарот ставил свој налаз, веднаш после првиот лекарски преглед да ја поднесат на увид на претпријатието односно установата кај што се запослени. Врз основа на таква болесничка листа раководителот на претпријатието односно установата донесува свое решение за болување односно одсуство и за правата на материјално обезбедување.

Потврдата за издршка за членовите на фамилијата ја заверува на „Болесничката листа" претпријатието односно установата кај што е осигуреникот запослен врз основа на своите податоци односно писмени изјави на осигуреникот, а во поодделни случаи може да се бара накнадно поднесување на соодветни докази. За осигурениците запослени кај приватните работодавачи оваа заверка ја врши органот на Извршниот одбор на народниот одбор надлежен спрема местото на живеењето на членот на фамилијата на осигуреникот.

„Болесничките листи" кои што се издаваат за употреба на осигурениците, се нумерисаат со редни броеви кои што почнуваат секоја година од 1 па течат натаму. „Болесничките листи" кои што се издаваат за

употреба на член на фамилија на осигуреникот, не се означуваат со редни броеви.

Во „Болесничката листа" треба како занимање односно зване (под точ 4. на образецот) да се запише работа што осигуреникот редовно ја врши а не случајна работа во часот на барањето на болесничката листа.

Под точ. 6 во „Болесничката листа" треба да се назначи за кого се бара здравствена заштита (на пр.: за „себе", „жена", „дете" итн.).

За болесничките листи што се издадени за употреба на самиот осигуреник (а не и за членовите на фамилијата) се води евиденција спрема редните броеви на издадените „Болеснички листи". Таа евиденција треба да содржи следни податоци:

1) дата на изданието на болесничката листа,

2) реден број на болесничката листа, и

3) презиме и име на осигуреникот на кој што му е издадена болесничката листа.

2. — За осигурениците кои што користат права врз основа на социјалното осигурување, се води евиденција во „Евиденциониот лист на корисниците на социјалното осигурување", спрема приложениот образец бр. Е-2.

„Евиденционата листа на корисниците на социјалното осигурување" се испоставува при издавањето на првата болесничка листа на болесникот.

Занимањето и струката во евиденционата листа се означуваат спрема квалификацијата на осигуреникот (на пр. „шофер — механичар", „металски работник", „ученик — механичар" итн.). Кога ке се промени занимањето (на пр.: ученикот во стопанството стане помошник), поранешното означено занимање треба да се прецрта и да се запише новото занимање.

Во рубриката 1 се запишува редниот број на „Болесничките листи" издадени на осигуреникот. Рубриките од 2—24 се исполнуваат само кога осигуреникот има право на парично материјално обезбедување.

Кога е осигуреникот неспособен за работа или осигуреникот е жена што стекнала право на одсуство поради труднота и порогјај, во рубриката 1 на евиденционата листа со коса линија треба да се прецрта редниот број на онаа болесничка листа што се однесува на тоа право на осигуреникот.

Рубриката 2 покажува колку пати осигуреникот користи материјално обезбедување. Секоја евиденциона листа предвидена е за 6 одсутности на осигуреникот со право на материјално обезбедување. Податоците за првата (I) одсутност се исполнуваат во колоната а), за втората отсутност во колоната б) итн. Ако осигуреникот често болува, односно кога ке се исполнат сите шест колони (од а) до гј), се испоставува нова „Евиденциона листа на корисниците на социјалното осигурување", на која што редните броеви на одсутноста се означуваат со натамошни римски броеви (VII, VIII итн.).

Во рубриката 3 на евиденционата листа се запишува износот на дневната редовна плата (чл. 20 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии) спрема која на осигуреникот му припагја материјално обезбедување, а во рубриката 4 се означуваат просечниот дневен износ на постојаните додатоци. Во рубриката 5 се означува вкупниот износ што служи како основ за определување на материјалното обезбедување. (Собир на рубриките 3 и 4).

Во рубриката 6 се означува процентот на материјалното обезбедување што му припагја на осигуреникот спрема неговиот работен стаж (50%, 75% или 100%).

Во рубриката 7 се уписува дневниот износ на материјалното обезбедување, што се добива кога износот наведен во рубриката 5 се помножи со процентот што е наведен во рубриката 6. Кај ударниците така добивениот износ треба да се помножи со евентуалниот процент на наголемувањето на материјалното обезбедување што му припагја (10% или 20%).

Во рубриката 8 се означува вкупниот износ на остварената плата со сите постојани додатоци што му била исплатена на осигуреникот во месецот од кој што бил замен основот за определување на материјалното обезбедување. Под износот на таа плата треба да се означи редниот број на исплатната листа односно платниот список под кој што била исплатена платата. (На пр.: $\frac{4200}{104}$, што значи 4200 дин. плата со додатоци, која што е искажана под редниот број 104 од исплатната листа).

Во рубриката 9 се уписува шифрата на дијагнозата, ако се работи за оболение или труднота односно порогјај. Ако осигуреникот е одсутен поради надгледување член на фамилијата, се уписува во оваа рубрика зборот „надгледување", а ако осигуреникот е одсутен поради изолирање, се уписува „изолација" (чл. 16 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии).

Наведените рубрики од 2 до 9 на евиденционата листа се исполнуваат веднаш штом осигуреникот со „Болесничката листа" исполнета од лекарот го докажал своето право на материјадно обезбедување.

Рубриките 10 и 11 на евиденционата листа се исполнуваат по оздравувањето на осигуреникот, односно престанокот на правата на материјално обезбедување.

Кај осигуреникот што бил испратен во болница, бања или на климатско лекување, се означува во рубриката 10 накратко местото кај што се лечил (на пр.: за Бања Ковиљача ке се означи „Ковиљача", за Белград — „БГД" итн.), од кога до кога и колку дена вкупно траело лекувањето. Ако осигуреникот во текот на оболение бил повеќе пати лекуван во болница, или бил лекуван во болницата и бања и сл. се означува во рубриката 10 само вкупниот број на денови на траењето на тоа лекување, а под „забелешки" се означува каде, од кога и до кога осигуреникот бил на лекување.

Во рубриката 11 се уписува од кога до кога траело секое оболение односно секоја одсутност на осигуреникот со право на материјално обезбедување, и колку вкупно календарски денови.

Рубриката 12 се исполнува само за осигуреникот — жена која што се навогја на одсуство поради труднота и порогјај. Во оваа рубрика се упишува од кога до кога на таква жена и била исплатена поткрепа за зајакната исхрана, земајќи ја во оглед таа поткрепа и за прописаното време после повторното стапување на работа.

Кај осигуреникот кој што го исполнил работниот стаж за признатото му материјално обезбедување со засметување на запослувањето кај друго претпријатие односно друга установа, треба под „забелешки" да се наведе називот и седиштето на дотичното претпријатие односно установа и од кога до кога траел работниот однос.

Колоните од 13 до 24 на втората страна на евиденционата листа служат за евидентирање на текукјите исплати на материјалното обезбедување за поодделно оболение односно одсутност. Овие колони треба да се исполнат и кога поради краткотрајно болување била само една исплата.

Во колоната 13 се означува кое оболение односно која одсутност е по ред (I, II, итн. спрема рубриката 2).

Во колоната 14 се означува на кој ден е извршена исплатата на поодделни оброци на материјалното обезбедување (определен ден за редовна исплата на платата или аконтацијата на платата), а во колоната 15 и 16 се означува на кое време се однесува која од исплатите.

Во колоната 17 се означува бројот на работните денови за кои што е исплатено одделно материјално обезбедување (календарски денови) на поодделни периоди по одбитокот на денот на неделниот одмор,

а во колоната 18 се уписува износот на секоја поедина исплата.

Кога се исполнети сите редови на колоните од 13—18, на ист начин се исполнуваат колоните од 19—24, а ако се исполнат и редовите на овие колони, се испоставува нова „евиденциона листа на корисниците на социјалното осигурување".

3. — За правото на осигуреникот на постојанен паричен додаток за деца се води одделна „евиденција за додатокот за деца", спрема приложениот образец бр. Е-3. Во таа евиденција треба да се означат имињата на децата за кои што е признат додатокот за деца, а под А. се означува на кој месец и во кој износ е признат додатокот за кое дете. Месецот се означува со римски број.

Кога осигуреникот ке ја пријави настанатата промена што се однесува до неговото право на додатокот за деца, во колоната под Б. треба да се запишат износите на додатокот за оние деца за кои што и натаму ке се исплатува додаток за деца и ке се назначи од кој месец таа измена тече. Ако осигуреникот стекнал право на додаток уште за новородено дете се запишува и името на тоа дете после последното порадешно записувањето.

Ако настанат уште и натамошни промени во правото на осигуреникот на додаток за деца, се исполнува колоната В, а потоа колоната Д. Кога и оваа колона е исполнета, се испоставува нова „евиденција за додатокот за деца".

Сите документи кои што осигуреникот ке ги предложи како доказ на своето право на додаток на деца, треба да се прегледаат и после проверка на нивната исправност да се запишат во „Евиденцијата за додатокот за деца", и да му се вратат на осигуреникот, што треба да се потврди во „Евиденцијата за додатокот на деца", со потпис на службеникот што е овластен за персонална служба во претпријатието односно во установата.

4. — Сите еднократни исплати врз основа на социјалното осигурување (закопнина, еднократна поткрепа за фамилијата со повеќе деца, поткрепа за опрема на детето, патни трошкови), се евидентираат во редовната евиденција за запосленото персонал, што ја водат претпријатијата односно установите.

5. — За користењето на правото врз основа на социјалното осигурување претпријатијата и установите должни се да водат собирна евиденција во „Прегледот на користењето правото врз основа на социјалното осигурување", спрема приложениот образец Е-4.

Во колоната 2 „Преглед на користењето правото врз основа на социјалното осигурување" се запишува бројот на издадените „Болеснички листи" на осигурениците (а не и за членовите на фамилијата) во текот на секој ден.

Во колоните 4, 7, 10 и 13 („прираст") се запишува вкупниот број на текот на секој ден пријавените одсутности од работа поради несрекја во работењето, поради други болести, поради друднота и порогјај и поради недгледување членот на фамилијата или изолација на осигуреникот.

Во колоните 5, 8, 11 и 14 („одпагјање" се запишува бројот на заклучените болувања односно престанокот на правата на материјалното обезбедување кои што се пријавени во текот на поедини денови.

Во колоните 3, 6, 9 и 12 се запишува секој ден бројната состојба на одсутните осигуреници. Оваа состојба се добива кога на состојбата од претходниот ден ке и се додаде бројот на новопријавените случаи („прираст"), и од така добивениот број ке се одбие бројот на одпаднатите случаи („одпагјање").

Во деновите на неделниот одмор колоните од 2—14 не се исполнуваат.

После датата 31 се запишува под „вкупно" собирот за секоја поедина колона (од 2—14), а под „вкупниот број на деновите на одсутноста" се запишува бројот на работните денови на одсутноста на кои што било исплатено материјалното обезбедување. Бројот на тие денови се добива врз основа на ликвидираните и исплатените уверенија за траењето на неспособноста за работа.

За да би можело раководството на претпријатието односно установата, да го следи бројот на корисниците на здравствената заштита без право на материјално обезбедување (амбулантно лекување), треба месечниот собир на сите колони „прираст" (4, 7, 10 и 13) да се одбие од собирот на колоната 2 и на тој начин ке се добие бараниот број на корисниците на самата здравствена заштита.

Податоците во одделот 15 се исполнуваат само на секои пет дена во месецот. Во колоната I се запишува шифрата на онаа дијагноза поради која што е одсутен најголем број на осигуреници, како и бројот на тие осигуреници. Во следните колони II и III се запишува исто тоа за дијагнозата и болесниците кои што по бројот се помалку од претходните. Колоната IV претпријатието односно установата може да ја користи за свои потреби односно за водење евиденција за онаа болест која што најповеќе го интересира раководството на претпријатието односно установата.

Во одделот 16 се запишуваат исплатените еднократни поткрепи за фамилиите со повеќе деца во текот на месецот за кои што се води преглед, и тоа колку исплати на тие поткрепи било на фамилиите кои што им се родило трето дете, колку на фамилиите на кои што им се родило четврто дете итн.

Во одделот 17 се запишува за колку осигуреници и за колкав број деца во текот на месецот бил исплатен додаток за деца, што се установува врз основа на исплатните листи односно платните списоци.

Во одделот 18 се запишува колку осигуреници и членови на нивните фамилии во текот на месецот користиле патни трошкови поради одење до лекарот — специјалистот, на комисиски лекарски преглед, во болница, бања или на климатско лекување и поради одење до надлежниот (што ординира) лекар.

6. — Врз основа на евиденцијата спомената во точ. 5 на ова настатствие претпријатијата и установите испоставуваат месечен „Извештај за користење правото врз основа на социјалното осигурување", спрема приложениот образец бр. Е-5. Тој извештај треба да се испрати до надлежниот околиски (градски, реонски) орган на социјалното осигурување, до 15- иот во месецот за минатиот месец.

Во рубриката 1 на извештајот се искажува вкупниот број на запосленото персонал спрема состојбата на последниот ден во месецот, а ако е тој ден недела, спрема претходниот ден. Во тој број се засметуваат не само осигурениците кои што се фактички запослен туку сите осигуреници кои што се во работен (службенички) однос со претпријатието односно установата, без оглед поради кои причини евентуално се одсутни од работата.

Во рубриката 2а се запишува бројот искажан во колоната 4 („прираст") под „вкупно" во „Прегледот на користењето правото врз основа на социјалното осигурување", образец бр. Е-4.

Во рубриката 2б се запишува бројот што е искажан во образецот бр. Е-4 под „вкупно" колоната 3, а покрај тој број се запишува бројот што е искажан во образецот бр. Е-4 под „вкупен број на деновите на одсутноста" (на пр.: 150/135).

И рубриките 3, 4 и 5 на извештајот се исполнуваат спрема податоците на образецот бр. Е-4 („Преглед за користењето правото врз основа на социјалното осигурување") од колоната 6—14.

Во рубриката 6, 7 и 8 на извештајот се запишуваат податоците што се искажани во колоната 16, 17 и 18 на образецот бр. Е-4.

„Извештајот за користењето правото врз основа на социјалното осигурување" треба да се испрати до надлежниот орган на социјалното осигурување и во случајот да во претпријатието односно установата не било никакви оболенија односно исплати на материјалното обезбедување во кој што случај ке се искаже само бројот на осигурениците во рубриката 1 на извештајот.

II.

7. — За донесување решение за правата на осигурениците во смисла на чл. 98 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии, државните, задружните и општествените претпријатија и установи ја користат својата редовна евиденција на запослениот персонал.

8. — Поради утврдување правото на пензија и инвалиднина врз основа на социјалното осигурување, органот на социјалното осигурување во министерството за социјални грижи на народната република води матична евиденција за запослувањето на осигурениците.

За потребите на оваа матична евиденција претпријатијата и установите се должни да испраќаат за секој осигуреник чиј што работен однос престанал, до надлежниот околиски (градски, реонски) орган на социјалното осигурување „Извештај за траењето на запослувањето", спрема приложениот образец бр. Е-6.

Тој извештај тие го испраќаат до надлежниот орган на социјалното осигурување до 15- иот во месецот за сите осигуреници чиј што работен однос престанал во текот на минатиот месец.

Во овој извештај треба како редовно работно време да се искаже бројот на часовите колку што осигуреникот редовно работел на ден, без оглед на повремено работење со прописано скратено работно време (на пр.: кај кесонски работници ке се искаже редовното работно време 8, 9 итн. часови, спрема сезоната, исто така за мајките-доилки нема да се искаже нивно скратено работно време поради доење на детето, туку нивното прописано редовно работно време). Истото важи во поглед на сметањето на редовната плата на осигурениците.

Во извештајот мора да се назначи, каде бил осигуреникот запослен пред влегувањето на работа во претпријатието односно установата која што го поднесува извештајот. Ако осигуреникот порану не бил нигде запослен, во извештајот за зборот „запослен кај" треба да се напише „нигде" или „самостоен занаетчија" и сл.

Во „Извештајот за траењето на запослувањето" треба да се наведат податоците за работни денови, за последните 12 месеци. Ако осигуреникот за последните 12 месеци немал 312 фактички работни дена, треба да се земат уште толку месеци за да биде постигнат бројот од 312 фактички работни денови. Спрема тоа во „Извештајот ке се внесат како фактички работни денови сите работни денови за кои што осигуреникот примал плата (државни празници, денови на редовниот годишен одмор итн.), а не ке се внесуваат оние денови во кои што осигуреникот уживал материјално обезбедување врз основа на социјалното осигурување.

Во извештајот не се искажува фактичната плата, туку се искажува соодветната плата по времето за редовно работно време (чл. 59 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии) без оглед на тоа како осигуреникот бил платен (по времето или по работниот учинок).

„Извештајот на траењето на запослувањето" треба да се испрати до надлежната управа за социјалното осигурување со списокот кој што содржи следни податоци:

1) реден број,

2) презиме и име на осигуреникот за кој што се поднесува извештај,

3) година на раѓањето на осигуреникот.

Тој список треба да се направи во дупликат. Еден примерок на списокот го задржува органот на социјалното осигурување, а вториот примерок му го враќа на претпријатието односно установата како потврда дека ги примил поднесените извештаи.

Државните надлештва и установи кои што се финансираат врз основа на предсметките на приходите и расходите како и административно-оперативните раководства на државните стопански претпријатија, не поднесуваат „Извештај за траењето на запослувањето" за своите службеници, бидејќи службениците при преместувањето ги следи персоналниот досие.

9. — Доколку редовната евиденција на запосленото персонал што ја водат претпријатијата односно установите, не содржи потребни податоци за испоставување „Извештај за траењето на запослувањето", наведени во претходната точка, претпријатијата и установите се должни да ја пополнат својата редовна евиденција на запослениот персонал со соодветни податоци, а особено:

1) за бројот на фактичните работни денови на осигуреникот во поедин месец,

2) за платата по времето за редовно работно време во поедин месец, без оглед осигуреникот да ли бил платен по време или по работен учинок,

3) за месечните износи на постојаните додатоци, и тоа:

за работниците: додатоци за непрекинато запослување, додатоци за вонредни услови на работењето, ако спрема природата на работата имаат карактер на постојаност, а за предработниците — и додаток на предработниците;

за службениците: функционален додаток, одделен личен додаток за работа која што бара поголемо стручно знаење и искуство, за работа под особено тешки односно опасни услови и за работа на пронајдоци, како и премиски додаток најповеќе до износот 25% од основната плата, освен премија за заштеда и теренски додаток.

III.

10. — За определување правото врз основа на социјалното осигурување на осигурениците запослени кај приватните работодавачи, потребната евиденција ја води органот на социјалното осигурување на надлежната околија (град. рејон) и врз основа на таа се пополнуваат и податоците на матичната евиденција.

Поради водењето на таа евиденција приватните работодавачи должни се на надлежниот околиски (градски, рејонски), орган на социјалното осигурување да му поднесат „Пријава за влегувањето на работа" и „Пријава на излегувањето од работа", спрема приложениот образец бр. Е-7. Овие пријави приватниот работодавач е должен да ги поднесе во срок од 8 дена од денот на влегувањето на осигуреникот на работа, односно од денот на неговото излегување од работа.

Во „Пријавата влегување на работа „како плата треба да се наведе онаа плата која што на осигуреникот му припаѓа за неговото работно време, без оглед на платата за прекувремено работење и пречекорената норма (чл. 20 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии).

При поднесувањето на пријавата органот на социјалното осигурување ке ја задржи „Пријавата за влегување на работа", а вториот дел од образецот и потврдата за поднесената пријава ке му ја врати на работодавачот.

Кога осигуреникот ке излезе од работа, работодавачот ке забележи во „Пријавата на излегување од работа" како ден на излегување од работа денот за кој што осигуреникот има уште право на плата. После приемот на таа пријава органот за социјалното осигурување му издава на работодавачот потврда.

Потврдата на органот за социјалното осигурување за поднесената пријава за влегување на осигуреникот на работа односно излегување од работа му служи на работодавачот како доказ дека ја извршил оваа своја должност, па поради тоа таа потврда да ја чува најмалку уште година дена после излегувањето на осигуреникот од работа.

Промените на платата и другите промени што влијаат на правото на осигуреникот врз основа на социјалното осигурување, се пријавуваат „со прија-

Образец бр. Е-1 **Страна 1**

Назив на препријатието — установата ——————

——————

Стопанска дејност —————— Оваа болесничка листа важи ——— дена

БОЛЕСНИЧКА ЛИСТА БРОЈ ——

1) Презиме и име —————— 2) Име на таткото —————— 3) година на рагјањето ——— 4) занимање (звание) —————— 5) запослен од денот —————— 6) бара здравствена заштита за —————— 7) податоци за членот на фамилијата: име —————— година на рагјањето ——— 8) место на живеењето на болниот —————— улица —————— реон ——— број на кукјата ——— зградата е улична (во дворот).

Во —————— на ден ——————

Печат и потпис

——————

Образец број Е-1 („Болесничка листа") голема е 21/14,8 см. Лево од потврдата довогја следно напатствие:

Потврдата за издршка на членот на фамилијата ја заверува на оваа болесничка листа претпријатието односно установата кај што е осигуреникот запослен, а за осигурениците запослени кај приватните работодавачи оваа заверка ја врши надлежниот народен одбор.

На осигурениците запослени кај приватните работодавачи болесничката листа им ја издава работодавачот, а ја заверува надлежниот орган на социјалното осигурување.

Пензионерите и уживателите на инвалидината, ако не се запослени болесничката листа ја исполнуваат сами. Под „занимање" (звание) (точ. 4) треба да ја стават ознаката под „пензионер" односно „инвалид на трудот." Тие лица го докажуваат своето право на здравствена заштита со решение за примање пензија односно инвалиднина.

Под точ. 6 треба да се упише за кого се бара здравствена заштита (на пр.: за „себе", „жената", „детето" итн.).

ПОТВРДА

Дека осигуреникот (пензионерот уживателот на инвалидината) го издржува членот на фамилијата за кого се бара здравствена заштита и дека тој член на фамилијата нема свој имот односно приходи поголеми од Динари 1.000.— месечно.

Во —————— на ден ——————

Печат и потпис

——————

Страна 2

ГО ИСПОЛНУВА ЛЕКАРОТ

Број на амбулантниот протокол ——————

Дијагнова *) почетна: со шифра ——————

латински ——————

завршна: со шифра ——————

Причина на оболението ——————

——————

Оболението пријавено на ден ——————

НЕСПОСОБЕН ЗА РАБОТА ОД ДЕНОТ ——————

Излегување дозволено од ——— до ——— часови

СПОСОБЕН ЗА РАБОТА СО ДЕНОТ ——————

Упатен во болница ——————

До лекарот специјалист ——————

на ден ——————

Потпис на надлежниот лекар

——————

——————

Број на амбулатниот протокол на специј. ——————

Примен на лекување на денот ——————

Налаз на специјалистот ——————

Лекувањето е завршено на денот ——————

Потпис на специјалистот

——————

Лекарски преглед извршен на ден	На следен преглед има да дојде на ден	Забелешки за налазот, прописаниот лек итн.	Потпис

*) Кај повекје ознаки: шифрата на основната болест да се подвлече.

Евиденционен лист на ползувачот на социјалното осигурување

Образец бр. Е-2

Презиме и име: ..... Име на таткото .....

Ден, месец и год. на раѓањето: ..... Моминско презиме: .....

Занимање и струка: ..... Запослен од денот: .....

1	Број на издадената болесничка листа						
2	Реден број на отсутноста	а	б	в	г	д	ѓ
3	Дневен износ на основната плата						
4	Дневен износ на сталните додатоци						
5	Вкупен дневен износ						
6	% на материјалното обезбедување						
7	а) дневен износ на материјалното обезбедување						
	б) са повисување за ударништво						
8	Месечен износ на стварната плата и реден број на исплатната листа						
9	Отсутен заради (дијагноза со шифра)						
10	Бил во болница, бања, на климатско лекување во						
	од						
	до						
	дена						
11	Траење на материјалното обезбедување од						
	до						
	вкупно дена						
12	Помокј за ајакната исхрана исплатена од						
	до						

ЗАБЕЛЕШКИ:

(Образец број Е-2 големина е 21/14,8 см. и треба да биде печатен на картон. Рубриката 1 широка 15 мм, а се дели по полојна и има 24 коцкици широки 8 мм. Рубриките од 2-6, 7а, 7б и 9 се широки 7 мм, а рубриката 8 е широка 10 мм. Колоните од а

Исплати на материјалното обезбедување извршени:

Ред. бр. на отсут.	За исплата на ден	За време			Износ динари	Ред. бр. на отсут.	За исплата на ден	За време			Износ динари
		од	до	раб. дена				од	до	раб. дена	
13	14	15	16	17	18	19	20	21	22	23	24

до ѓ се широки 14 мм. Рубриката 10 широка е 28 мм и се дели во 4 (4 реда). Рубриката 11 широка е од 21 мм и се дели во 3 реда. Рубриката 12 широка е 14 мм и се дели по полојна. Колоните 13 и 19 широки се 7 мм. а колоните 14 и 20 широки 12 мм. Колоните 15, 16, 17, 21, 22 и 23 широки се 12 мм. Колоните 18 и 24 широки се 14 мм).

Стр. 1

Евиденција за додаток за деца

Образец бр. Е-3

На осигуреникот ....., роден ..... год. припаѓа му е додаток за следните деца: (презиме и име и татково име)

Реден број	Име на детето	Ден, мес. и година на раѓањето	Додатокот изнесува				
			од мес..... по Дин. А	од мес..... по Дин. Б	од мес..... по Дин. В	од мес..... по Дин. Г	

Брачниот другар на осигуреникот ..... запослен кај .....
(име и презиме на брачниот другар)

не прима додаток за наведените деца, што се гледа од приложената потврда.

Своето право на додаток за наведените деца осигуреникот го докажал со след. исправи (да се наведе видот на исправата, надлежт. што ја издало исправата и датата и бр. на исправата.

Стр. 2

За дете ..... наведено под реден број .....

.....

.....

За дете ..... наведено под реден број .....

.....

.....

.....

(Се записуваат сите исправи што се предложени за поедино дете)

Исправите ги проверил и ги вратил на осигуреникот

(Дата и потпис на службеникот на претпријатието установата).

Овој образец голем е 21/14,8 см

Образец бр. Е—4

Преглед на користењето правата врз основа на социјалното осигурување

Месец :

Ден во месецот	Број на издадените „болнички листи"	Отсутности поради: несреќа во работа — состојба	несреќа во работа — прираст	несреќа во работа — отпад	други болести — состојба	други болести — прираст	други болести — отпад	трудната и порогјај — состојба	трудната и порогјај — прираст	трудната и порогјај — отпад	надгледув. член на фамил. или изолац. — состојба	надгледув. член на фамил. или изолац. — прираст	надгледув. член на фамил. или изолац. — отпад
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
1													
2													
3													
4													
5													
6													
7													
8													
9													
10													
11													
12													
13													
14													
15													
16													
17													
18													
19													
20													
21													
22													
23													
24													
25													
26													
27													
28													
29													
30													
31													
Вкупно													
вкупен бр. денови на отсутноста													

15 Најголем број ободенија отпаѓа: на ден	I — шифра на дијагноз.	I — случаи	II — шифра на дијагноз.	II — случаи	III — шифра на дијагноз.	III — случаи	IV — шифра на дијагноз.	IV — случаи
5								
10								
15								
20								
25								
зад.								

16 Еднократни помошти исплатени за раѓање на детето: 3	4	5	6	7	8	9	10

17 Дод. за деца исплатен за број: овластеница	деца

18 Бр. на случаите за кои што се исплатени патни трошкови: на специјалист	на ком. прегл.	во бол. бања	до надл. лекар.

Образец број Е-4 е голем 21|29,7 см. Колоните 2,3 и 6 широки се 1 см, а колоните 4,5 и 7 до 14 широки се 7 мм.

Редовите за поодделните денови во месецот широки се 6 мм, а рубриките „вкупно" и „вкупен број денови на отсутноста" широки се 1 см.

Образец бр. Е-5

Извештај за корист. правото врз основа на соц. осигур.

Назив на претпријатието (установата) .....

Број _____

ИЗВЕШТАЈ

за управата на социјалното осигурув во .....
за месец .....

шифра на стопанс. дејност	
сектор	

1	Број на запослениот персонал	машки	
		женски	
	Отсутност поради болест и болување		
2	а) вкупен бр. во текот на месецот оболели осигуреници неспособни за работа		
	б) вкупен бр. дена отсутност на осигурениците		
	Отсутни поради несрекја во работењето		
3	а) вкупен број унесрекјените осигуреници		
	б) вкупен бр. дена на отсутноста на тие осигур.		
	Отсутност поради труднота и породјај		
4	а) вкупен бр. на осигурениците-жени кои што во текот на месецот отсуствувале		
	б) вкупен број дена на тоа отсуство		
	Отсутност поради надгледување во фамилијата или изолацнја		
5	а) вкупен број на отсутните осигуреници		
	б) вкупен бр. денови на отсутноста на тие осиг.		
	Додаток на деца исплатен за бројот на		
6	а) овластениците		
	б) децата		
	Еднократна помошт исплатена за рагјање		
7	3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 и повекје		вкупно
	деца		
	Број на случаевите за кои што се исплатени патни трошкови		
8	а) на лекарот специјалист		
	б) на комисиски преглед		
	в) во болница, бања, климатско лекување		
	г) до надлежниот лекар		

Забелешка: Спрема прилож. список се испраќа за ..... осигур. кои што ја напуштиле работ. „Извештај за траењето на запослувањето".

Во _____ денот .....

Потпис и печат

Овој образец е голем 21|14,8 см

Образец бр. Е-6 Страна 1

Извештај за траењето на запослувањето

Презиме и име на осигуреникот: ..... Бр. на работната книшка .....

Ден, месец и година на рагјањето ..... име на таткото .....

Место на рагјањето: ..... околија на рагјањето: .....

Занимање и струка: _____ Момин. през. на мажената осигур. _____

Работн. однос траел		од ..... до ..... вкупно ..... год. ..... мес. ..... ден.													Редовно работно време од ..... сати
За последните 12 месеци на фактично работење	Постојани додатоци														
	Плата по време														
	Бр. на фактич. раб. денови														
	Месец														

Страна 2

Назив и наслов на претпријатието (установата)

.....

Пред влегувањето на работата во ова претпријатие (ова установа) осигуреникот бил запослен кај _____

Дата, печат и потпис

Образец Е-6 големина е 10,5|14,8 см. Рубриките во таблицата под „За последните 12 месеци на фактично работење треба да се широки 7 мм и да има 16 такви рубрики.

Прва страна

Образец бр. Е—7

УПРАВА ЗА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ **Пријава**

Кат. бр. ..... за влегување на работа

Број и денот на примањето пријава за влегувањето на работа

Податоци за запослено лице							
Презиме и име					Име на таткото		
Каква работа врши					Девојачко през. на мајката		
Родување							
ден	месец	година	место	околија	Редовно работно време на ден	часови	
Плата							
на редовното работно време		Месечна плата дин.	во натура (стан, храна итд.)	Додатоци			
по работн. ефект	по времето			вид	дневно дин.	месеч. дин.	
Ден, месец и год. на влегувањето на работа		Истовремено запослен кај:					

(перфорирано)

УПРАВА ЗА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ **Пријава**

Кат. бр. ..... за излегување од работа

Број и денот на примањето на пријавата за излегување од работа

Податоци на запосленото лице					Податоци за работодателот
Презиме и име		Бр. на раб. книшка			Назив на претпријатието односно презиме и име на работодавачот
Име на таткото		Девојачко презиме			
Нарагјањето					
ден	месец	година	место	околија	Стопанска дејност
					Седиште (место, улица, кукјен број)
Занимање и струка					
Ден на влегувањ. на работа		Ден на излегувањето од работа			Вкупно траење на работниот однос: година, месеци, дена; работно време на ден
Порано бил запослен кај:					

Дата, потпис и печат на работодавачот

(перфорирано)

УПРАВА ЗА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ Кат. број .....

Потврда за поднесената пријава

по работодавачот ..... за осигуреникот: .....

Ден, месец и год. на влегувањ. на работа		Ден, месец и год. на излегувањ. од работа	
Број и ден на примената пријава на влегувањ. на работа		Број и ден на примената пријава на излегувањ. од работа	

Образец бр. Е—7 е голем 21/29,7 см. Тој образец се состои од три делови, кои што се одвоени меѓусебе со перфорација. (1 Пријава за влегувањето на работа. 2 Пријава за излегувањето од работа и 3 Потврда за поднесената пријава.)

(Грбот на пријавата влегув. на работа) Друга страна (Грбот на пријавата излегув. од работа)

Податоци за работодавачот			
Назив на претпријат. одн. презиме и име		Презиме и име на сопств. на претпријатиј.	
Стопанска дејност		Жилиште на сопств. (улица, број и место)	
Седиште на претпријат. (дукјан-работа) реон. ул. и кукјен бр.			

Го исполнува орган на соц. осигур.			
Номенклатура		Износ на еквивалентот	
Бил во евиденција			

Во ..... денот .....

Потпис и печат на работодавачот

(перфорирано)

Го исполнува орган на соц. осигур.			
Податоци за платата за последните 12 месеци			
месец	број на работ ден	плата по време	додатоци мес. Дин.

(перфорирано)

Образец бр. Е—8 страна 1

Управа за социјалното осигурување

Кат. бр. .....

Пријава за промената кај осигуреникот

Број и ден на примената пријава за промената							
Презиме и име на осигуреникот							
Име на таткото			Моминско презиме				
Промена настанала	во платата	по раб. учинок на ден	по време на ден	додатоци		месечно	
				вид	дин.	плата	додат.
	во роботниот однос						
	во заработката во натура						
промената настанала од денот				Број на редовните работни часови			

..... (перфорирано) .....

Потврда за пријавата на промената

од работодавачот .....

за осигуреникот .....

Број и ден на примената пријава

вата за промената кај осигуреникот", спрема приложениот образец бр. Е-8.

Промените што настанале во текот на еден месец треба да се пријават најдоцна до петиот ден на следниот месец.

Како промена во работниот однос се смета кога на пр.: ученикот станал квалификован работник, кога осигуреникот го променил званието (на пр.: механичар станал шофер) итн.

IV.

11. — Обрасците што се предвидени во ова напатствие еднообразни се за целата територија на Федеративна Народна Република Југославија, а се печатат и се пополнуваат на службените јазици на народните републики.

Големината на образецот назначена е на секој поедин образец.

V.

12. — Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. I-1014-50
24 април 1950 година
Белград

Го застапува Претседателот
на Комитетот за социјалните грижи
на Владата на ФНРЈ,
Министер — Претседател
на Комитетот за заштита на народното здравје
на Владата на ФНРЈ,
др Павле Грегорич, с. р.

страна 2

Назив и седиште на претпријатието односно име и презиме

Во ..... ден .....

Печат и потпис на работодавачот:

Го исполнува органот на социјалното осигурување	
Номенклатура	
Износ на еквивалентот Дин.	
Бил во евиденција	

Овој образец е големина 21|14,5 cm

273.

Врз основа на чл. 3 од Уредбата за амортизационот фонд на градежните претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/47), на предлог од Претседателот на Советот за градежништвото и градежна индустрија, а во согласност со Претседателот на Сојузната планска комисија, донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА АМОРТИЗАЦИОНИТЕ СТОПИ НА ГРАДЕЖНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД СОЈУЗНО, РЕПУБЛИЧКО И ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ

I. Амортизационите стопи за поедини гранки и видови на градби во градежништвото изнесуваат, и тоа:

за високоградба — — — — — 2.50%
за нискоградба — — — — — 5%
за проектни услуги — — — 2.80%

II. Поделба на стопите на амортизационот фонд ке се врши на општодржавниот амортизационот фонд (А) и амортизационот фонд на претпријатијата (Б), и тоа:

	А	Б
за високоградба — — — —	1.70%	0.80%
за нискоградба — — — —	3.00%	2.00%
за проектни услуги — — —	2.30%	0.50%

или во проценти од вкупниот износ на амортизацијата:

	А	Б
за високоградба — — — —	70%	30%
за нискоградба — — — —	60%	40%
за проектни услуги — — —	80%	20%

III. Амортизационите стопи од точ. I на ова решение ке се применуваат кај градежните претпријатија, во смисла на прописите од Уредбата за амортизационот фонд на градежните претпријатија на собирот на трошковите од материјалот и платите на изработката, додека проектните претпријатија ке ја применуваат амортизационата стопа врз платите на изработката.

IV. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", а ке се применува од 1 јануари 1950 година.

Бр. 7429
29 април 1950 година
Белград

Га застапува Министерот на финансиите на ФНРЈ
Министерот на надворешната трговија на ФНРЈ,
Милентије Попович, с. р.

Согласен,
Претседател на Сојузната планска комисија,
Борис Кидрич, с. р.

274.

Врз основа на членот 13 точка д) од Законот за здружествата, митинзите и другите јавни собранија донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ОСНИВАЊЕТО И РАБОТЕЊЕТО НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕСТВАТА НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ НА ФНРЈ

Спрема поднесените правила и програмот се одобрува основањето и работењето на Сојузот на здружествата на математичарите и физичарите на ФНРЈ со дејност на територијата на Федеративна Народна Република Југославија.

Бр. 17408
17 април 1950 година
Белград

Потпретседател на Владата на ФНРЈ
Министер на внатрешните работи на ФНРЈ,
Александар Ранковиќ, с. р.

РАТИФИКАЦИЈА ОД СТРАНА НА ФИЛИПИНИ И ПРИСТАП НА ЕКВАДОР КОН МЕЃУНАРОДНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ТЕРЕТНИТЕ ЛИНИИ

Британската амбасада во Белград, со својата нота од 18 април 1950 година, го извести Министерството на надворешните работи на Федеративна Народна Република Југославија дека Филипинската република на 30 септември 1949 година ја ратификувала Меѓународната конвенција за теретните линии, потписана во Лондон на 5 јули 1930 година, и дека на 28 февруари 1950 година Еквадор го нотификувал својот пристап кон истата конвенција, аналогно на членот 23 на Конвенцијата, таа влегува во сила во однос на Филипинската Република на 30 декември 1949 година, и во однос на Еквадор на 28 мај 1950 година.

Југословенскиот ратификационен инструмент од споменатата конвенција депониран е во Лондон на 26 февруари 1934 година, а Конвенцијата е објавена во „Службените новини" бр. 260 од 13 ноември 1933 година.

Бр. 47819. — Од Министерството на надворешните работи, Белград, 26 април 1950 година.

СОДРЖАЈ:

Страна

268. Одлука за именување Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ — — — — — 629
269. Указ за прогласување одлуката на Народната скупштина на ФНРЈ за доделување орденот Јунак на социјалистичкиот труд на Претседателот на Владата на ФНРЈ, Министерот на народната одбрана, Маршалот на Југославија Јосип Броз-Тито — — — — — 629
270. Напатствие за изменувања и дополнувања на Напатствието за уплатата и употребата на сопствените парични средства за финансирањето на инвестициите — — — — 629
271. Напатствие за пресметувањето и начинот на уплатувањето на пазаришната добивка како и разликите во цените на суровините и материјалите наменети на локалното производство за слободно продавање — — — 630
272. Напатствие за евиденциите за спроведување на социјалното осигурување — — — 634
273. Решение за амортизационите стопи на градежните претпријатија од сојузно, републичко и локално значење — — — — — 643
274. Решение за одобрување основањето и работењето на Сојузот на здружествата на математичарите и физичарите — — — — 644

Ратификација од страна на Филипини и пристап на Еквадор кон Меѓународната конвенција за теретните линии — — — — — 644

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачко претпријатие — Белград Бранкова ул бр. 20. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Мајке Јевросиме бр. 20. — Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград